**20242404206**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 63 став (3) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/22 и 208/24), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ГОТОВИНСКА ТРАНСАКЦИЈА ВО ИЗНОС ОД 15.000 ЕВРА ВО ДЕНАРСКА ПРОТИВВРЕДНОСТ ИЛИ ПОВЕЌЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на извештајот за готовинска трансакција во износ од 15.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија или повеќе без оглед дали станува збор за една трансакција или повеќе очигледно поврзани трансакции.

Член 2

Извештајот за готовинска трансакција во износ од 15.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија или повеќе без оглед дали станува збор за една трансакција или повеќе очигледно поврзани трансакции, се доставува во форма на електронски генерички извештај во xml формат.

Член 3

(1) Извештајот од член 2 од овој правилник ги содржи следните податоци:

1. Општи податоци за извештајот (генерички извештај):

1.1 Тип на извештај (се означува дали станува збор за готовински трансакции или повеќе очигледно поврзани трансакции),

1.2 Код на банка,

1.3 Датум на креирање на извештајот,

1.4 Датум на почеток на периодот за кој се однесуваат податоците,

1.5 Датум на завршеток на периодот за кој се однесуваат податоците,

1.6 Листа на физички лица (се наведуваат сите физички лица на кои се однесуваат податоците),

1.7 Листа на правни лица (се наведуваат сите правни лица на кои се однесуваат податоците),

1.8 Листа на банкарски сметки (се наведуваат сите банкарски сметки на кои се однесуваат податоците),

1.9 Листа на трансакции извршени како една трансакција (се наведуваат сите трансакции на кои се однесуваат податоците) и

1.10 Листа на повеќе очигледно поврзани трансакции (се наведуваат сите трансакции на кои се однесуваат податоците организирани во групи).

2. Податоци за физичко лице:

2.1 Референтен број (го генерира субјектот - банката);

2.2 Број на мобилен телефон;

2.3 Држава на раѓање (тип и код на држава според ISO стандардот 3166);

2.4 Датум на раѓање;

2.5 Електронска пошта;
2.6 Единствен матичен број на граѓанинот (во понатамошниот текст: ЕМБГ);
2.7 Дали е резидент (се означува дали клиентот е резидент);
2.8 Држава на живеење (тип и код на држава според ISO стандардот 3166);
2.9 Име;
2.10 Пол;
2.11 Презиме;
2.12 Националност;
2.13 Број на телефон;
2.14 Место на раѓање;
2.15 Документи за идентификација:
2.15.1 тип на документот за идентификација,
2.15.2 место на издавање,
2.15.3 земја на издавање и
2.15.4 број на документот;
2.16 Адреса на физичкото лице:
2.16.1 тип на адреса (се означува дали станува збор за постојано живеење, престојувалиште или друго),
2.16.2 адреса 1,
2.16.3 адреса 2,
2.16.4 град,
2.16.5 земја,
2.16.6 поштенски број,
2.16.7 област - провинција и
2.16.8 опис (дополнителни информации).
3. Податоци за правно лице:
3.1 Референтен број (го генерира субјектот - банката);
3.2 Број на мобилен телефон;
3.3 Дали е резидент (се означува дали клиентот е резидент);
3.4 Земја;
3.5 Град;
3.6 Единствен даночен број (во натамошниот текст: ЕДБ);
3.7 Електронска пошта;
3.8 Единствен матичен број на субјектот (во натамошниот текст: ЕМБС),
3.9 Број на факс;
3.10 Веб страна,
3.11 Назив на правното лице;
3.12 Друг идентификациски број;
3.13 Број на телефон;
3.14 Друг број на субјектот- нерезидент (Tax number);
3.15 Друг број на субјектот- нерезидент (Org number);
3.16 Адреса:
3.16.1 тип на адреса (се означува адреса на седиште, експозитура или друго),
3.16.2 адреса 1,
3.16.3 адреса 2,
3.16.4 град,
3.16.5 земја,
3.16.6 поштенски број,
3.16.7 област-провинција и

3.16.8 опис (дополнителни информации).
4. Податоци за сметката:
4.1 Референтен број (го генерира субјектот - банката);
4.2 Број на сметката;
4.3 Салдо;
4.4 Код на банка;
4.5 Блокирана (се означува дали сметката е блокирана);
4.6 Датум на блокирање;
4.7 Причина на блокирање;
4.8 Затворена (се означува дали сметката е затворена);
4.9 Датум на затворање;
4.10 Валута;
4.11 Опис;
4.12 Меѓународен број на банкарската сметка (во понатамошниот текст: ИБАН);
4.13 Датум на отворање;
4.14 Датум на реактивирање;
4.15 Тип на сметка;
4.16 Дали сопственикот или овластеното лице на сметката е нерезидент;
4.17 Земја и
4.18 Улога на сметката:
- се означува дали лицето е сопственик или овластено лице на сметката,
- се означува дали сметката е во сопственост на правно или физичко лице и
- се означува референтниот број.
5. Податоци за трансакцијата:
5.1 Референтен број (го генерира субјектот - банката);
5.2 Локација на субјектот – банката;
5.3 Тип на активност;
5.4 Износ;
5.5 Салдо;
5.6 Категорија на трансакцијата;
5.7 Код на трансакцијата;
5.8 Дали е комплетирана (се означува дали трансакцијата е извршена);
5.9 Валута;
5.10 Датум на трансакцијата;
5.11 Референтен број на лицето кое ја врши трансакцијата;
5.12 Референтен број на сметката од која се врши трансакцијата;
5.13 Референтен број на лицето сопственик на сметката од која се врши трансакцијата;
5.14 Опис на локацијата;
5.15 Дали е сомнителна (се означува дали трансакцијата е сомнителна);
5.16 Опис;
5.17 Референтен број на сметката кон која се врши трансакцијата и
5.18 Референтен број на лицето сопственик на сметката кон која се врши трансакцијата.

(2) Податоците од став (1) точки 2, 3 4 и 5 на овој член се пополнуваат онолку пати колку што се вклучени трансакции.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на извештајот за готовинска трансакција во износ од 15.000 евра во денарска противвредност или повеќе („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 57/19).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-10420/1
19 ноември 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.